Телефон: +38946511000
Факс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб.
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Бр. _____
Охрид, _____ 20___ год.

Врз основа член 94 од Законот за високото образвоние („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2018 и 197/2021) во врска со член 6 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр 122/20), Сенатот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид, на седницата одржана на ден 27.01.2022 година донесе

Правилник
за начинот на вршење на видео надзор во просториите на
Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид

Основни одредби
Член1

Со овој Правилник се пропишува начинот на вршењето на видео надзор во просториите на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид (во натамошниот текст: Универзитетот), кој се јавува во својство на контролор, како и техничките и организациските мерки кои се применуваат за обезбедување тајност и заштита на личните податоци преку вршењето на видео надзорот, рокот на чување на видео записите, начинот на бришење, како и начинот на правење на сигурносна копија и права и обврски на овластените лица кои имаат пристап до системот за вршење на виде онадзор.

Опис на системот за вршење на видео надзор
Член 2

Видео надзорот се врши преку 8 (осум) камери, од кои 3 поставени надворешно на просторот на Универзитетот, а 5 се поставени да го снимаат внатрешниот простор на Универзитетот и тоа со следните карактеристики:

- 3 надворешни (статички) со максимална резолуција 500*582 со (среден) квалитет на слика, при што истите вршат 24 часа снимање без можност за оптички зум.

- 5 внатрешни (статички) со максимална резолуција 500*582 со (среден) квалитет на слика, при што истите вршат 24 часа снимање без можност за оптички зум.

Техничката спецификација на камерите е составен дел на овој Правилник (прилог 1).

Цел за вршење на видео надзор

Член 3

Видео надзорот се врши со цел да се обезбеди:
– заштита на сопственоста и
– обезбедување на контрола над влегувањето и излегувањето од службените или деловните простории на Универзитетот.

Периодична оценка

Член 4

Универзитетот на секои две години врши периодична оценка на постигнатите резултати од системот за вршење на видео надзор, а особено за:
– понатамошна потреба од користењето на системот за вршење на видео надзор;
– целта, односно целите за вршење на видео надзор;
– можни технички решенија за замена на системот за вршење на видео надзор;
– статистички показатели за пристапот до снимките направени од видео надзорот и
– начинот на искористување на снимките.

За извршената периодична оценка од став1 на овој член, Универзитетот изработува извештај кој е составен дел на документацијата за воспоставување на системот за вршење на видео надзор.

Обработка на лични податоци

Член 5

Преку системот за вршење на видео надзорот се обработуваат следните категории на лични податоци:
– физички и физиолошки изглед на странките кои влегуваат и излегуваат од просториите на Универзитетот;
– физички и физиолошки изглед на студентите кои студираат на Универзитетот;
– физички и физиолошки изглед на вработените во Универзитетот.

Технички мерки

Член 6

Универзитетот ги обезбедува следните технички мерки за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор и тоа:

1. Единствена лозинка на Windows-от и автоматско одлогирање по изминување на определен период (не подолго од 15 минути), а за повторно активирање на системот потребно е повторно внесување на лозинката на Windows-от. Лозинката ја имаат само овластените лица.
2. Лозинка креирана за секое овластено лице посебно, составена од комбинација на најмалку 8 (осум) алфанумерички карактери (од кои минимум една голема буква) и специјални знаци;

3. Поставена е хардверска и инсталирана софтверска заштитна мрежна бариера („fire-wall“), како и рутер помеѓу информатичкиот систем и интерната конекција или која било друга форма на надворешна мрежа, како заштитна мерка против недозволени и злонамерни обиди за влез или пробивање на системот.
4. Инсталирана е ефективна и сигурна антивирусна и антиспајвер заштита на информатичкиот систем, која постојано се ажурира заради превентива од непознати и непланирани закани од нови вируси и спајвери;
5. Инсталирана е ефективна и сигурна антиспам заштита, која постојано се ажурира заради превентивна заштита од спамови и
6. Серверите во Универзитетот се приклучени на енергетска мрежа преку уред за непрекинато напојување со обезбедена агрегатна станица.

Организациски мерки

Член 7

Универзитетот ги обезбедува следните организациски мерки за тајност и заштита наобработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор и тоа:

1. Ограничен пристап или идентификација за пристап до системот за видео надзор, така што само овластени лица од страна на ректорот може да имаат пристап до системот за видеонадзор;
2. Секое овластено лице има ограничен пристап до системот за видеонадзор во однос насимнување и снимање на видеозаписите;
3. Уништување на видеозаписите по истекот на рокот за нивно чување и
4. Почитување на техничките упатства при инсталирање и користење на опремата за вршење на видеонадзор.

Вработеното лице кое ги врши работите за човечки ресурси го известува администраторот на информацискиот систем за вработувањето или ангажирањето на секое овластено лице со право на пристап до системот за вршење на видеонадзор, за да му биде доделено корисничко име и лозинка, како и за престанок на вработувањето за му бидат избришани корисничкото име и лозинката, односно да им биде оневозможен натамошен пристап.

Известувањето од ставот2 на овој член се врши и при кои било други промени во работниот статус или статусот на ангажирањето на овластеното лице што има влијание врз нивото на дозволениот пристап до информатичкиот систем.

Евидентирање на пристап, увид и настани

Член 8

За пристапот и увидот до личните податоци обработени преку системот за вршење видеонадзор, Универзитетот води евиденција која ги содржи следните податоци:

- име и презиме на овластеното лице;
- датум и време на пристапување;
- цел за пристапување;
- датум и час на направената снимка до која се пристапува;
- датум и време, назив и седиште на корисникот на кого му е дадена снимката од видеонадзорот;
- вид на медиум во кој е содржана снимката на видеонадзорот.

Овластени лица за обработка на лични податоци преку системот за вршење на видеонадзор

Член 9

Пристап и увид до личните податоци обработени преку системот за вршење на видео надзор имаат вработените кои се овластени за вршење на контрола над влезот во Универзитетот (централата и останатите локации за видеонадзор), администраторот на информатичкиот систем и други овластени лица кои имаат право на пристап и увид до личните податоци обработени преку системот за вршење на видеонадзор.

Овластените лица од став 1 на овој член, пред нивното започнување со работа или пристап до системот за вршење на видеонадзор, своерачно потпишуваат изјава за доверливост, тајност и заштита на личните податоци до кои ќе дојдат во текот на работењето преку системот за вршење на видеонадзор.

Образецот на изјавата од став 2 на овој член е составен дел на овој Правилник (прилог 2).

Начин на остварување на правата на субјектот на лични податоци

Во актот за начинот на вршење на видеонадзор контролорот го пропишува начинот на остварување на правата на субјектите на лични податоци чии податоци се обработуваат преку системот за видеонадзор согласно членовите од 16 до 26 од Законот за заштита на личните податоци.

За остварување на правата Универзитетот донесува Изјава за приватност, која претставува составен дел од овој Правилник .

Прилог - Изјава за приватност при вршење на видеонадзор.

Изјавата за приватност е објавена на видно место во централата и експозитурите на Универзитетот.

Рок на чување на снимките од видеонадзорот

Член 10

Снимките направени од видео надзорот се чуваат на хард дискот на персоналниот компјутер каде што пристап имаат само администраторот на информатичкиот систем и вработените овластени за вршење контрола.

Снимките направени при вршење на видео надзорот се чуваат 30 (триесет) дена при што истите по истекот на рокот автоматски се бришат од хард дискот на кој се чуваат.

Снимките од видеонадзорот можат да се чуваат и во подолг временски период, од периодот наведен во став2 на овој член, ако е потребно согласно со закон, но не подолго од исполнување на целите.

Известување за вршење на видеонадзор

Член 11

Во просториите на Универзитетот и во локалните единици треба да се истакне известување на видливо и јасно место (на влезната врата на објектот) каде што се врши видео надзор, во кое се содржани информациите: дека се врши видео надзор од страна на Универзитетот и телефонски број на кој може да се добијат информации за видео надзорот.

Известувањето од став1 на овој член е дадено во прилог број 3, кој е составен дел на овој Правилник.

План за поставеноста на системот за видео надзор

Член 12

Графичкиот приказ за поставеноста на системот за видео надзор, просторот каде се врши видео надзорот, аголот на покриеност на просторот опфатен со видео надзорот, како и карта со локацијата на местото каде што е поставена камерата се содржани во Планот кој е составен дел на овој Правилник (прилог 4).

Анализа на целите за кои се поставува видео надзорот

Член 13

Универзитетот задолжително врши анализа на целта, односно целите за која се поставува видеонадзорот пред започнување на процесот за воспоставување на систем за вршење на видеонадзор која е составен дел од документацијата за воспоставување на системот на вршење на видеонадзор.

Анализата задолжително содржи и мислење од Офицерот за заштита на личните податоци во Универзитетот, во однос на воспоставувањето на системот за вршење видеонадзор.

Завршни одредби

Член 14

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Универзитетски билтен“ на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, а ќе биде објавен и на веб страната на Универзитетот.

Со влегување во сила на овој Правилник престанува да важи начинот на вршењето на видео надзор во просториите на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, арх. бр. 01-754/1 од 28.06.2013 година.

Претседател на Универзитетски Сенат

Вонр. проф. д-р Атанас Христов с.р.

Доставено до: Архива

Model	**IK-5003**
Image Sensor	1/3"SONY CCD
Effective Pixels	PAL:500(H)X582(V) NTSC:510(H)X492(V)
Horizontal Resolution	480 TVL
Signal System	PAL / NTSC
Minimum Illumination	0 Lux F:2.0(IR ON)
Built-in Lens	
Varifocal Lens	4~9 mm optional
Infrared Wavelength	
Infrared Lamps Distance	40-60 Meter
Infrared Lamps	36 pcs Infrared Lamps
S/N Ratio	>48dB(AGC OFF)
Gamma Correction	>0.45
Sync. System	Internal
Video Output	1.0Vp-p/75Ω
Power Supply	DC 12V ±5%
Operation Temperature	-20℃~60℃

Model	**IK-550 II**	**Ik-560**
Image Sensor	1/4"SHARP CCD	1/3" SONY CCD
Number of pixels	PAL 500(H)X582(V) NTSC 510(H)X492(V)	
Signal System	PAL / NTSC	
Horizontal Resolution	420 TVL	
Minium Illumination	0 Lux(IR ON)	
Built-in Lens	3.6 mm Board lens	
Electronic Shutter	1/50(1/60)~1/100,000sec	
Infrared Wavelength	850 nm	
Infrared Lamps Distance	15-25 M	
Infrared Lamps	28 pcs Infrared Lamps	
S/N Ratio	>48dB(AGC OFF)	
Gamma Correction	>0.45	
Sync.system	Internal	
Video Output	1.0Vp-p/75Ω	
Power Supply	DC 12V ±5%	
Operation Temperature	-20℃~60℃	

Прилог 2

Врз основа на Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 42/2020) и Правилникот за безбедност на обработка на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 122/2020), на ден 15.12.2021 година ја давам следната

И З Ј А В А
за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за вршење на видео надзор

Јас долупотпишаниот/ната,_____

(Име и Презиме)

_____, во Одделението за _____

(Звање на работното место)

Сектор за _____, во _____ согласно Правилникот за начинот на вршење на видео надзор на Друштвото за _____, се обврзувам дека:

- **ќе ги применувам начелата за заштита на личните податоци при вршењето на видео надзорот;**

- **ќе ги применувам техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци и ќе ги чувам како доверливи личните податоци, како и мерките за нивна заштита;**

- **ќе вршам обработка на личните податоци согласно упатствата добиени од Друштвото за _____;**

- **на трети лица надвор од контролрот и на други лица од контролорот нема да издавам било каков личен податок од снимките на видео надзорот или било каков друг личен податок кој ми е достапен и кој сум го дознал или ќе го дознаам при вршењето на видео надзорот во контролорот, освен ако со закон поинаку не е предвидено.**

Потпис,

_____

Прилог 3

Образец бр.3 Известување за вршење на видео надзор[1]

Назив на контролорот и каде е применливо назив на претставникот на контролорот:

Контакт информации:

Контакт информациите за офицерот за заштита на личните податоци (доколку е определен):

Информации што го засегаат субјектот на личните податоци (период на чување или следење во реално време, објавување или пренесување на видео снимките на трети страни):

Цел, односно цели за вршење на видео надзорот:

<u>Права на субјектите на лични податоци</u>: Како субјект на личните податоци можете да остварите повеќе права, особено право да пристапите или да барате да се избришат вашите лични податоци.
Повеќе детали за видео надзорот и за вашите права може да најдете од информациите наведени од контролорот преку опциите наведени во левиот агол.

Дополнителни информации ќе најдете:
- Преку известување
- На пријавница/ рецепција/ инфо пулт
- На интернет (www)...

[1] ***Забелешка***:*Информациите мора да бидат бесплатни, во транспарентна, разбирлива и лесно достапна форма, напишана на едноставен јазик. Ова известување треба да биде отпечатено на А4 формат.*

Прилог 4


78
322
140
280
95
425
260
12
260
12
331
417
417
70 35
70
353
107
55
85
74
97
12
210
238
222
272
168
85
17
10
250
322
67
113
259
39
65


11
1465
1220
19
11
n=0см
n=0см
8x32
9x16
8x32
9x16
21
+-0.00
-0.32
25
24
23
31
22
n=85см
n=85см
n=32см
n=190см
n=210см

ИЗЈАВА
ЗА ПРИВАТНОСТ ПРИ ВРШЕЊЕ НА ВИДЕОНАДЗОР

Оваа Изјава за приватност го објаснува видот на лични податоци што _____ (во натамошниот текст: Контролор), ги собира од вас при посета на службените/деловните простории и како Контролорот ги користи овие податоци.

1. Зошто собираме (обработуваме) лични податоци?

Контролорот собира лични податоци преку системот за видеонадзор од следните причини (цели):

- да се контролира пристапот до објектот (зграда, влез, простории..) и да се обезбеди сигурност на објектот, безбедноста на вработените во Контролорот и посетителите, како и на имот и информациите кои се лоцирани или се чуваат во просториите;
- за да се спречи, одврати и, доколку е потребно, да се испита неовластен физички пристап, вклучително и неовластен пристап до безбедносни и заштитени простории, ИТ инфраструктура или оперативни информации; и
- да се спречи, открие и да се испита кражба на опремата или средства во сопственост на Контролорот, посетителите или вработените, или закани по безбедноста на персоналот кој работи во просториите (на пример: пожар, физички напад).

Системот за видеонадзор не се користи за ниту една друга цел, како на пример да се следи работата на вработените или нивното присуство. Видео камерите се поставени така што не го покриваат околниот јавен простор. Камерите имаат за цел да дадат општ преглед на она што се случува на одредени места, но не и да се препознаат лица.

Системот за видеонадзор исто така не се користи како истражна алатка или за да се добијат докази при внатрешни истраги или дисциплински постапки, освен ако не е во прашање безбедносен инцидент заради кој е воспоставен видеонадзорот согласно Законот за заштита на личните податоци. (Во исклучителни околности, податоците може да бидат пренесени до истражните органи во рамките на формална дисциплинска или кривична истрага).

Камерите за видеонадзор се инсталираат на _____ и се поставени и фокусирани така што се снимаат само лица кои ќе пристапат до службените/деловните простории (објекти), вклучително и имотот (на пример за паркирање).

Системот со видеонадзор ја опфаќа областа на: да се даде детален опис (на пример: влезните и излезните места на зградата, влезните места во зградата, гаража и надворешна површина на зградата...)

2. Какви податоци собира Контролорот?

Контролорот собира само слики фатени на камерите, при што не се врши тонско снимање.

3. Кој е одговорен за обработка на податоците?

Контролорот е субјект кое ја врши обработката на личните податоци и кое ги утврдува целите на обработка, единствено во согласност со Законот за заштита на личните податоци. Покрај тоа, _____ е лице за контакт и одговорно за видеонадзорот.

4. Кој е правниот основ за обработка на личните податоци преку системот за видеонадзор?

Контролорот користи опрема за видеонадзор за (да се неведе една или повеќе од наведените цели):

- заштита на животот или здравјето на луѓето;
- заштита на сопственоста;
- заштита на животот и здравјето на вработените поради природата на работата; или

_____.), кога имате легитимни причини во врска со вашата конкретна ситуација. Контролорот ќе постапи по вашето барање во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето.

13. Што можам да направам во случај на проблем?

а) Првиот чекор е да го известите Контролорот со испраќање е-пошта до _____@____.mk и да побарате да преземе акција.

б) Вториот чекор, ако не добиете одговор од нас или ако не сте задоволни од тоа, контактирајте со нашиот офицер за заштита на личните податоци на dpo@_____.мк.

в) Во секое време можете да поднесете барање до Агенцијата за заштита на личните податоци www.azlp.mk, која ќе постапи по вашето барање и ќе ги донесе потребните мерки.

14. Кога ќе започне обработката на моите лични податоци преку системот за видеонадзор?

Обработката започнува во моментот кога ќе ги посетите просториите на Контролорот.

15. Безбедност на личните податоци

Контролорот е посветен на заштита на вашите лични податоци. Затоа, користи безбедносни технологии и процедури со кои се заштитуваат вашите лични податоци пред се од неовластен пристап, употреба или откривање. Ние ги чуваме вашите податоци на компјутерски системи со ограничен пристап и во контролирана околина.

16. Колку долго ги чуваме вашите податоци?

Контролорот ќе ги чува вашите лични податоци _____ календарски денови по вашата посета во нашите простории, по што сите снимени видеозаписи автоматски се бришат.

Прилог 6

ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ПРИСТАП ДО СОСТЕМОТ ЗА ВИДЕО НАДЗОР

Име презиме и потпис на лицето кое го одобрило уводот и/или издвањето на видео запис					
име и презиме на овластеното лице					
датум и време на пристапување;					
цел за пристапување					
датум и час на направената снимка до која се пристапува;					
датум и време, назив и седиште на корисникот на кого му е дадена снимката од видеонадзорот					
вид на медиум во кој е содржана снимката на видеонадзорот					